# УПАТСТВО ЗА НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ НА ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ОДРЕДЕНИ ВИДОВИ НА СТОКИ КОИ СЕ УВЕЗУВААТ И ИЗВЕЗУВАТ ПОД ОЗНАКА Д4 ОПФАТЕНИ ВО EXIM

Ова упатство се однесува само на давачките дефинирани како други надоместоци, согласно закон.

## 1. Правен основ

**Закон за животна средина:** член 167 став 1 и 2, член 164 став 5 и 179 став 1,2,4,5 и 8 од Законот за животна средина ("Службен Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11) и Упатство за начинот на евидентирање и распределување на јавните приходи (Службен Весник на РМ број 3/04, 74/04, 42/05, 62/05, 8/06, 42/06, 84/06).

Уплатите за другите надоместоци се извршуваат после подигнувањето на решението за плаќање надоместок исклучиво на соодветна сметка во рамките на трезорската сметка согласно член 167 став 1 и 2, член 164 став 5 и 179 став 1,2,4,5 и 8 од Законот за животна средина ("Службен Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11) и Упатство за начинот на евидентирање и распределување на јавните приходи (Службен Весник на РМ број 3/04, 74/04, 42/05, 62/05, 8/06, 42/06, 84/06).

## 2. Начин на пополнување на налогот за јавни приходи образецот ПП 50 при плаќање на другите надоместоци

По подигнувањето на решението за плаќање надоместок донесено од Министерот за животна средина и просторно планирање, налогот за јавни приходи образецот ПП 50 за уплата на надоместоците се пополнува на следниот начин:

Во рубриката:

- ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ – ЗАДОЛЖУВАЊЕ:

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО** се пополнува единствениот референтен број под кој се регистрира барањето во едношалтерскиот систем EXIM, кој се добива автоматски од системот.

Во рубриката:

- ЦЕЛ НА ДОЗНАКА:

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО** се пополнува ”За уплата по решение за плаќање надоместок за увоз бр. (број на решението)”.

Во рубриката:

-ИЗНОС

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО** се пополнува вкупниот износ на уплатата по основ на издавање решение за плаќање надоместок.

***Примерок на начинот на поплнување на налогот за јавни приходи образецот ПП 50 при уплата по решение за плаќање надоместок за увоз***

**НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

Датум на валута: 03.10.2012

**НАЛОГОДАВАЧ**

Назив на налогодавач:

Трансакциска сметка на налогодавачот:

Банка на налогодавач:

Даночен број:

Повикување на број задолжување:

Цел на дознаката:

Датум: Место:

**ПРИМАЧ**

Назив на примач: ТРЕЗОР НА РМ

Трансакциска сметка на примачот: 100000000063095

Банка на примач: НАРОДНА БАНКА НА РМ

Износ

МКД:

Уплатна сметка: 840 XXX 06595

Сметка на буџетски корисник:

Приходна шифра и програма: 718118 00

Начин: 2

Образец ПП50

3. **Начин на пополнување на другите податоци во налогот за јавни приходи образецот ПП 50**

- НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ:  ТРЕЗОР НА РМ
- БАНКА НА ПРИМАЧОТ:  НАРОДНА БАНКА НА РМ
- СМЕТКА:  единствена трезорска сметка 100000000063095
- УПЛАТНА СМЕТКА:  840 XXX 06595 (ххх се внесува ознаката на општината согласно списокот објавен со Упатството за начинот на евидентирање,распоредување и поврат на јавните приходи)
- ПРИХОДНА ШИФРА:  718118

**Уплата нема да се процесира ако странката не се достави доказ за извршената уплата оргинал од налогот за јавни приходи Образецот ПП 50 во МЖСПП.**